# ОПШТИНА ПЛАСНИЦА

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН

# 2023 – 2026

**Бр.03-185/3**

**03.04.2023**

Содржина:

1. Вовед........................................................................................................................ 3
1.1 Социо –економски карактеристики на општината ..........................................................3
1.2 Законска регулатива........................................................................................................ 5
1.3 Општинска структура за спроведување на Социјален план..........................................6
2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби ........................................................................................................................ 6
3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ...........................................................................................13
3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ............................................................................ 14
3.1.1 Услуги на информирање и упатување ......................................................................... 14
3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка .........................................................................15
3.1.3 Услуги на советување .................................................................................................. 15
3.1,4 Услуги во домот.......................................................................................................... 15
3.1.5 Услуги во заедницата ................................................................................................. 15
3.1.6 Услуги на вон семејна заштита .................................................................................. 15
3.1.7 Старателство ................................................................................................................15
3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ........................................................................................ 16
3.2.1 Услуги на информирање и упатување ......................................................................... 16
3.2.2 Услуги на стручна помош и поддршка ........................................................................ 16
3.2.3 Услуги на советување ..................................................................................................16
3.2.4 Услуги во домот ...........................................................................................................17
3.2.5 Услуги во заедницата ...................................................................................................17
3.2.6 Услуги на вон семејна заштита .................................................................................. 18
3.3 Идентификување на социјални ризици во општината......................................... 18
3.4 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И ПРИОРЕТИЗИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ И УСЛУГИ ЗА НИВНО НАДМИНУВАЊЕ........................................................................................ 18
4. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка .............................. 19

1. **Вовед**

Надлежноста на единиците на локална самоуправа во областа на социјалната заштита е дефинирана во член 22 став 7 од Законот за локална самоуправа. Општина Пласница својата надлежност од областа на социјалната заштита ќе ја реализира преку Програмата за социјална заштита со која програма се врши планирање на финансиските средства, мерките и активностите за надминување на утврдените социјални проблеми и зголемување на достапноста на услугите согласно потребите на најранливите категории на граѓани.

Социјалниот план има за цел мапирање на социјалните проблеми на ранливите групи во општината, да изврши анализа на сегашните состојби и капацитети и расположливи социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјални услуги во општина Пласница на среднорочен план издвојувајќи ги приоритетите по права, услуги, бројност на годишно ниво.

За да се подобри квалитетот на живот посебно на ранливите категории на население од особено значење е превенирање и спречување на влошување на здравјето, социјална негрижа, исклученост и општествена изолираност, подигање на степенот на здравствена грижа кај старата популација и другите болни лица и поттикнување на социјалната вклученост на корисниците во најосновните текови од општествениот живот и локалната заедница.

### 1.1 **Социо – економски карактеристики на општината**

Општина Пласница е ридско – планинска општина лоцирана во југозападниот дел и припаѓа на југозападниот плански регион. Со површина од 54,30 км$^2$ спаѓа во редот на најмали општини. Општина Пласница се наоѓа во средишниот дел на Западна Македонија и се протега на северните и североисточните падини на Бушева Планина и планината Сач. Територијата на општина Пласница има површина од 54,30 км$^2$. Општината се граничи на североисток со општина Македонски Брод, на југоисток со општината Крушево и селото Сопотница и на запад со општина Кичево.

Во состав на општината се четири населени места кои се сместени во горниот тек на реката Треска: Пласница, Преглово, Лисичани и Дворци. Општина Пласница во овие административни граници е од 1996 година според новата теритиријална поделба на Република Македонија, со поделба на општина Македонски Брод, кога се формирани уште две нови општини: Самоков и општина Пласница.

Во општина Пласница, според податоците од последниот попис спроведен во 2021 вкупно има 1352 домаќинствата во кои живеат вкупно 6.268 жители.

Населението во општина Пласница, според изјаснувањето на последниот попис е со следниот состав:

| Општина | Вкупно попишани | | | Вкупно резидентно население | | | Вкупно нерезидентно неселение | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| ПЛАСНИЦА | 6 268 | 3 261 | 3 007 | 4 222 | 2 122 | 2 100 | 2 046 | 1 139 | 907 |
| Македонци | 14 | 8 | 6 | 9 | 4 | 5 | 5 | 4 | 1 |
| Албанци | 22 | 5 | 17 | 13 | 1 | 12 | 9 | 4 | 5 |
| Турци | 6 122 | 3 196 | 2 926 | 4 101 | 2 070 | 2 031 | 2 021 | 1 126 | 895 |
| Роми | - | - | - | - | | - | - | - | - |
| Власи | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Срби | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Бошњаци | 3 | 1 | 2 | - | - | 1 | 2 | 1 | 1 |
| Други неспомнати | 9 | 4 | 5 | - | - | - | 9 | 4 | 5 |
| Не се изјасниле | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Непознато | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - | - | - | - |

Општина Пласница како рурална општина си има свои специфики и потреби.

На територијата на општина Пласница има една амбуланта во с.Преглово под надлежност на Јавна здравствена установа Македонски Брод. Исто така во склоп на амбулантат има една приватна ординација по општа медицина и една приватна аптека. Во останатите три села нема ниту приватни ординации ниту аптеки. За своите потреби од лекар после 15 часот населението е принудено да оди во најблиските градови, односно до Македонски Брод и Кичево, за што се изложени на поголеми трошоци.

Културниот живот во општина Пласница го немало никогаш, нема никаков дом на култура, ниту театар, ниту кино итн. Доколку децата или други лица имаат потреба од активности кои се дел од неформалното образование-курсеви по странски јазици, уметност, разни спортови и друго, треба да одат во другите градови. Од друга страна јавниот превоз кој се

одвива на линиите Прилеп-Македонски Брод-Кичево не поминува низ населените места од општина Пласница, и тоа го отежнува начинот на живот и задоволување на потребите на населението кое живее во руралните средини, особено на сите ранливи и маргинализирани граѓани.

На територијата на општина Пласница има две основни училишта и тоа ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница кое има вкупно 336 ученици, од кои 6 се со попреченост и ООУ „Јунус Емре" с.Лисичани, кое има 121 ученик. И во двете училишта наставата се одвива на турски јазик. Средното обрзование учениците го продолжуваат во соседните градови. Притоа како во цела држава, особено кај нас бројот на ученици нагло опаѓа поради иселувањето во странство.

Од областа на социјалната заштита, во зградата на општина Пласница пред неколку месеци се отвори канцеларија на ЈУ МЦСР Македонски Брод, каде двајца вработени ги услужуваат граѓаните на општина Пласница. Исто така од областа на заштитата на децата - детска градинка, од мај месец 2019 година се формира на една група во други просторни услови во доградениот и адаптиран простор до ООУ ,,Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница, општина Пласница, која почна да функционира во состав на ЈОУДГ „Олга Мицевска" - Кичево, општина Кичево.

**1.2. Законска регулатива**

- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.05.2019);
- Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.146 од 17.07.2019 г.);
- Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ бр.146 од 17.07.2019 г.);
- Национална стратегија за деинституционализација и Акциски план "Тримајник");
- Закон за семејство (Службен весник на РСМ бр.153 од 20.10.2014);
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РСМ бр.150 од 02.09.2015);
- Закон за финансирање на единиците на Локална самоуправа (Службен весник на РСМ, бр.61/04, 96/04, 67/07,156/09 и 47/11);
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РСП, бр. 5 од 29.01.2002);
- Закон за основно образование (Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 33/10, 116/10,156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 127/16, 67/17 и 64/18);
- Национална програма за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.192 од 17.10.2016);
- Стратегија за стари лица 2010-2020 и
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита.

### 1.3 Општинска структура за спроведување на Социјален план

Во рамки на општинската администрација во општина Пласница, нема посебен сектор или одделение за јавни работи во чии рамки би се третирале посебно прашањата од областа на социјалната заштита. Најчесто вработените правници во општинската администрација ги работата работите поврзани со оваа област.
За остварување на дејноста на социјалната заштита Советот на општина Пласница има формирано Совет за социјална заштита на општината.
За изработката на овој План е вклучено лицето Суада Адемоска Ајдароска, дипломиран правник, Раководител на Одделението за правни, општи работи и јавни дејности.

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

За потребите за изготвување на овој Социјален план беа побарани податоци од повеќе институции: Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, Агенција за вработување на РСМ, ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" с.Пласница, ООУ „Јунус Емре"с.Лисичани и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи.

Со анализирање на податоците ќе видиме еден дел од сликата на општината.

Во општина Пласница постои дисперзирана канцеларија на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работи за Македонски Брод, каде граѓаните можат непосредно да гии користат услугите на информирање и упатување.

Согласно податоците на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Македонски Брод, во општината има евидентирано:

- корисници на надоместок на помош и нега -347
- корисници на социјална сигурност за стари лица -28
- корисници на надоместок заради попреченост -37
- корисници на посебен додаток – 16
- корисници на гарантирана минимална помош- 196
- број на стари и изнемоштени лица 32
- лица со оштетен вид – 11
- лица со оштетен слух -16
- лица со пречки со телесен развој -3

- лица со комбинирани пречки -10
- лица со интелектуална попреченост -7

Во досегашното свое работење општина Пласница нема донесено програма од областа на социјалната заштита, а со тоа нема пружено никаква помош и поддршка на ранливите категории. Општина Пласница е една од најмалите општини во РСМ и со најмал буџет и тоа отсекогаш претставувало голема пречка.
Општина Пласница во изминативе години нема извршено никакви исплати за помош на граѓаните кои се во социјален ризик, поради немање на финансиски средства.

Според податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со месец декември 2022 година бројот на корисници на пензија е 159, за споредба пак со општина Македонски Брод, број на пензионери е драстично поголем и таа бројка се движи од 1200 до 1400 пензионери.

Општина Пласница, како и многу други општини во државата се соочуваат со масовна миграција на младите и работоспособни лица кон развиените урбани средини, а со тоа многу стари и изнемоштени лица се останати без грижа и поддршка од семејствата. Оваа состојба влијае на квалитетот на животот на оваа ранлива група. Особено имајќи во предвид дека станува збор за рурална средина, без никакви можности (дневни центри, здруженија, никакви активности итн), животот станува уште потежок, а осаменоста, изолираноста и неспособноста за извршување на основните животни фукции се постојано расте. Затоа потребно би било креирање на социјални услуги со кои би им го олесниле функционирањето и животот, односно унапредување и развивање на услугата помош и нега во домот.

Според податоците од АВРМ состојбата со пријавените во Центарот за вработување Македонски Брод е следна:

**П Р Е Г Л Е Д**

**невработени лица (активни баратели) евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Македонски Брод, со место на живеење во Општина Пласница според школска подготовка и пол, со состојба на 31.12.2022 година**

| | Општина | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | | |
| 1 | Пласница | 422 | 234 | 371 | 217 | 9 | 2 | 40 | 15 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**други лица кои бараат работа (пасивни баратели), евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Македонски Брод, со место на живеење во Општина Пласница, според школска подготовка и пол, со состојба на 31.12.2022 година**

| Општина | Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Пласница | 81 | 39 | 70 | 35 | 2 | 0 | 7 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## П Р Е Г Л Е Д

**невработени лица евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Македонски Брод, со место на живеење во Општина Пласница според возраст и пол, со состојба на 31.12.2022 година**

| Општина | Вкупно | | Од 15-19 година | | Од 20-24 година | | Од 25-29 година | | Од 30-34 година | | Од 35-39 година | | Од 40-44 година | | Од 45-49 година | | Од 50-54 година | | Од 55-59 година | | 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Пласница | 422 | 234 | 7 | 1 | 43 | 28 | 37 | 19 | 38 | 20 | 37 | 22 | 48 | 33 | 44 | 23 | 52 | 35 | 84 | 43 | 32 | 10 |

## П Р Е Г Л Е Д

**други лица кои бараат работа, евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Македонски Брод, со место на живеење во Општина Пласница според возраст и пол, со состојба на 31.12.2022 година**

| Општ ина | Вкупно | | Од 15-19 години | | Од 20-24 години | | Од 25-29 години | | Од 30-34 години | | Од 35-39 години | | Од 40-44 години | | Од 45-49 години | | Од 50-54 години | | Од 55-59 години | | 60 години и повеќе | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Плас ница | 81 | 39 | 4 | 0 | 7 | 2 | 4 | 4 | 9 | 4 | 8 | 4 | 8 | 4 | 13 | 6 | 11 | 5 | 13 | 9 | 4 | 1 |

## П Р Е Г Л Е Д

**невработени лица евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Македонски Брод, со место на живеење во Општина Пласница според национална припадност и пол, со состојба на 31.12.2022 година**

| Општина | Вкупно | | Македонски | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Пласница | 422 | 234 | 12 | 7 | 6 | 6 | 402 | 219 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |

## П Р Е Г Л Е Д

**други лица кои бараат работа, евидентирани во АВРСМ-Центар за вработување Македонски Брод, со место на живеење во Општина Пласница според национална припадност и пол, со состојба на 31.12.2022 година**

| Општина | Вкупно | | Македонски | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Пласница | 81 | 39 | 5 | 3 | 1 | 1 | 75 | 35 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Од табелите може да се види дека според образовната структура од вкупно 422 евидентирани активни баратели дури 371 се неквалификувани, 40 се со средно образование. Со високо образование евидентирани се само 2 лица.

Ако ја разгледуваме состојбата на невработените според возраста, може да се заклучи дека процент на невработени е скоро подеднаков кај сите групи на возрасти, освен кај старосната група од 55 до 59 години каде што е дуплирана бројката.

Карктеристично за општина Пласница е тоа што младата популација е во постојан тренд на иселување, значи станува збор за печалбарски крај години station наназад. И лицата што се во евиденцијата на АВРСМ, се веќе странство заминати.

Во општина Пласница нема дневни центри од обласста на социјалната заштита, ниту пак се регистрирани згрижувачки семејства, за разлика каде во нашата соседна општина Македонски Брод има голем број згрижувачки семејства, вкупно 37 згрижувачки семејства и 54 згрижени деца.

Во општина Пласница има две основни училишта и тоа ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ с.Пласница кое има 336 вкупно ученици, од кои 6 се со попреченот. Во ООУ „Јунус Емре“ с.Лисичани има вкупно 121 ученик и има од 3 категоризирани ученици со посебни потреби.

При анализата на состојбите со активни деловни субјекти со седиште во општина Пласница, според евиденцијата од одделението за даноци при општина Пласница, во евиденција имаат регистрирано 3 активни трговци поединци и 44 правни лица-фирми. Најчесто се тоа превозници, угостителство, производство на ПВЦ прозори, трговија на големо и мало итн.

Општина Пласница има формирано едно јавно претпријатие и тоа ЈП „Комуналец“ с.Пласница во чија надлежност е снабдувањето со вода за пиење и собирање и транспортирање на комунален смет.

**3.Социјални услуги**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес и претставува систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик во смисла на овој закон се подразбира:

- ризици по здравјето (болест,повреда и инвалидност)
- ризици на старост и стареење
- ризици на еднородителско семејство
- ризици од невработеност
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост

Социјалната заштита, односно нејзиниот систем го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите коишто се остваруваат во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита. Организацијата и системот на социјалната заштита се остварува преку стручна работа во установите за социјална заштита, преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми:

- услуги за информирање и упатување
- услуги за стручна помош и поддршка
- услуги на советување
- услуги во домот
- услуги во заедницата
- услуги во вон семејна заштита

**3.1 Постоечки социјални услуги**

Социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на потреби кои не се поврзани со пари и остварување на развојни планови кои ќе придонесат за подобар социјализаторски развој. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги, хумани социјални услуги или услуги за социјална нега. Задоволувањето на финансиските потреби на ранливите категории е мошне важно за нивната сигурност, но сепак не секогаш може да обезбеди задоволувачко ниво на социјално функционирање. Социјалното вклучување на ранливите групи најдобро се остварува преку обезбедување достапност на социјалните услуги во заедницата, нивниот развој според потребите од помош, јакнење на капацитетите на корисниците, отстранување на пречките и создавање еднакви можности за нивно социјално вклучување.

Социјалните услуги кои се обезбедуваат согласно Законот за социјална заштита се:

**3.1.1 Услуги на информирање и упатување** согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Македонски Брод

**3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка** – согласно член 72 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјана работа – Македонски Брод

**3.1.3 Услуги на советување** –согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјана работа – Македонски Брод.

**3.1.4 Услуги во домот**

Помош и нега во домот – грижа за стари и изнемоштени лица

Преку проектот за подобрување на социјални услуги кој е финансиран од Светска Банка и во соработка со МТСП и Здружение за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА Охрид, во општината од јуни месец 2023 година ќе започне да се реализира услугата Помош и нега во домот на лица над 65 годишна возраст од општина Пласница. Со услугата се планира да бидат опфатени 45 крајни корисници, односно стари лица над 65 годишна возраст, кои ќе бидат услужени од 15 сертифицирани негуватели. Негувателите во домашни услови ќе овозмозможат дружење и комуникација со старите и изнемоштени лица, ќе спроведуваат превентивни здравствени активности како што се мерење шеќер во крвта, мерење притисок, купување лекови и други намирници кои се потрбни, приготвување на храна, комуникација со блиски, комуникација со институции, помош околу хигиената во домот и слични активности.

**3.1.5. Услуги во заедницата**

- на територија на општина Пласница нема никаков дневен центар од областа на соцциjалната заштита.

**3.1.6 Услуга на вон семејна заштита**

**Згрижување во друго семејство**

- на територија на општина Пласница нема регистрирано згрижувачки семејства.

**3.1.7 Старателство**

- Според добиените податоци од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Македонски Брод, во општина Пласница има едно дете без родители и родителска грижа и согласно Законот за семејство истото е ставено под старателство кај близок роднина (вујко).

### 3.2 Нови социјални услуги

Во периодот што следува планиран е развој на нови социјални услуги.

#### 3.2.1 Услуги за информирање и упатување

Воспоставување на општински информативен центар, како место каде што фокусот ќе биде да се добијат сите информации од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и Центарот за вработување во Македонски Брод. Со развој на оваа услуга ќе се зголеми достапноста на информациите до граѓаните особено до оние граѓани кои се невработени или пак имаат потреба од социјална помош/услуга и сакаат да се информираат за нивните права.
Тоа секако дека нема да го замени Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и Центарот за вработување, туку само да го олесни и приближи работењето меѓу општината, центарот и агенцијата, односно да им овозможи на граѓаните да се информираат за расположливите права и услуги за социјална заштита и можностите кои ги нуди пазарот на труд.

#### 3.2.2 Услуги за стручна помош и поддршка

Општинскиот информативен центар ќе се користи за стручна помош и поддршка на поедниец и семејство, опфаќа помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита, евалуација , како и следење на состојбата. Исто така ќе се превенира на зајакнување на нивните капацитети за побрзо вклучување на пазарот на трудот во општеството, преку одредени активности,одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните потреби и проблеми.

#### 3.2.3 Услуги на советување

Како приоритет се истакнува советодавната работа односно советовалшна работа, психо-социјалната работа со поединец, група и семјство се со цел да се превенира, ублажува и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми. Во овој дел спаѓаат одредени потреби од советодавни советувалишни работи со поединец или семејство и тоа:

- советодавна советовалишна работа за брак пред полнолетство
- советување при развод на брак
- советување т.е семејна медијација за семајства со нарушени брачни и семејни односи
- психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство
- и други видови на советување

### 3.2.4 Услуги во домот

**Помош и нега во домот**

Преку проектот за подобрување на социјални услуги кој е финансиран од Светска Банка и во соработка со МТСП и Здружение за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА Охрид, во општината од јуни месец 2023 година ќе започне да се реаализира Помош и нега во домот на лица над 65 годишна возраст од општина Пласница. Со услугата се планира да бидат опфатени 45 крајни корисници, односно стари лица над 65 годишна возраст, кои ќе бидат услужени од 15 сертифицирани негуватели. Финасиските средства се планира да бидат обезбедени од страна на МТСП, општински буџет но и потпишување на приватни договори со корисниците. Оваа услуга ќе им овозможи помош и поддршка на корисниците во исполнувањето на секојдневните потреби со цел да се подобри квалитетот на нивниот живот и да се спречи или одложи сместувањето во институциите.

### 3.2.5 Услуги во заедницата

**Дневен центар за лица со физичка и интелектуална попреченост**

Неопходно е развој на услугата за дневен престој за деца со физичка и интелектуална попреченост. Овој дневен центар би функционирал така што ќе обезбедува активности за децата со пречки во развој и потешкотии во говор, и активности за децата со физичка и интелектуална пореченост.

Општина Пласница се уште е далеку од реализацијата на ваков проект, од засега не утврдени конкретни причини. За разлика од нас, општина Македонски Брод во соработка со МТСП, веќе има започнато постапка за изградба односно реконструкција и прилагодување на простор за дневен центар за лица со попреченост. Просторот е обезбеден од страна на општината.

**Центар за дневен престој на стари лица** е друга услуга во зедницата која може да биде од локален карактер. Исто така ваков центар во општина Пласница би бил од големо значење за заедницата, бидејќи во голем дел младите се иселени а се останати старите лица и би им се дала можност на дружење и надминување н а осаменоста.

**Сензорна соба** Во општина Пласница нема сензор соба, добро би било да се разгледа можноста за отворање на ваква соба која би ја користеле учениците кои имаат попреченост во развојот, а се интегрирани во редовните паралелки.

## 4. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка

Според Законот за социјална заштита МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита за правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање на социјални услуги.

Во моментов општина Пласница за развој на социјалната услуга Помош и нега во домот, соработува со Здружението за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА Охрид, кое ќе биде давател на услугата.

Изготвил:
Општински Совет за социјална заштита
На општина Пласница

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА

**Број 08-211/8**
**24.04.2023 година**
**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/2002) член 17 од Статутот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година) и член 147 од Деловникот за работа на Советот на општина Пласница („Службен гласник на општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), Советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 24.04.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Социјален план на Општина Пласница за период 2023-2026 година**

**Член 1**

Со усвојува Социјален план на Општина Пласниц за периодот 2023 до 2026 година со бр.03-185/3 од 03.04.2023 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука се Социјален план на Општина Пласница за периодот од 2023 до 2026 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во („Службен гласник на општина Пласница").

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Амел Рамески**